Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ........ 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ........ 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ........ 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“ ОД М-Р МАРЈАН ЈАНКОСКИ, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1962-105/9 од 16.2.2012 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 15.12.2012 год., избра рецензенти:

– проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. м-р Сашо Поповски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“** од **м-р Марјан Јанкоски**, доцент на Факултетот за музичка уметност.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „СКРИПТА ПО ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“ и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

„**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“** на **доц. м-р Марјан Јанкоски** е од областа на народните инструменти. Таа е составена од пет глави во кои се содржани тематски единици од предметот Оркестар на народни инструменти. Во текстот на СКРИПТАТА се користени релевантни податоци и материјали кои авторот на соодветен начин ги разработува.

Основниот текст на СКРИПТАТА содржи поглавја кои кореспондираат со Наставниот план и програма на Факултетот за музичка уметност на Катедрата по народни инструменти при Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија каде што се изучува предметот Оркестар на народни инструменти. Предметот за којшто е наменета СКРИПТАТА се слуша во трета година (петти семестар) со неделен фонд на часови 1+1+1 со 4 кредити.

Во првиот дел од СКРИПТАТА авторот го опишува *развојниот пат на оркестарот на народни инструменти во Република Македонија*, односно, *развојниот пат на инструменталната музика*, почнувајќи од XIX век, преку формирањето на оркестарот за народни инструменти во рамките на ансамблот „Танец“ како „здружение на инструменталисти“, преку тогашното радио и телевизија Скопје кога оркестарот на народни инструменти ја добива својата целосна визуелна и звучна слика, па сè до 90-тите години на минатиот век кога започна повторната преродба на народните инструменти, до денес.

Во вториот дел од СКРИПТАТА хронолошки е прикажан *редоследот на музичките инструменти* кои се употребуваат во оркестарот на народни инструменти, почнувајќи од 40-тите години на минатиот век до денес. Во овој дел авторот укажува на *видовите на штимови* на инструментите и нивната специфичност во поглед на *усогласувањето* на инструментите помеѓу себе во оркестарот, потсетувајќи притоа на нивната нетемперираност. Имајќи го во предвид современото сфаќање за народните инструменти од страна на студентите кои се образуваат во високообразовна музичка институција (за разлика од традиционалниот свирач кој е самоук), авторот за подобро и попрегледно претставување на инструментите се служи со партитура како помошно средство за побрзо и полесно согледување на штимот на инструментите и функцијата која ја вршат при изведбата на композициите.

Во третата глава е објаснето традиционалното искуство на изучување на народниот музички инструмент и меморирање на мелодиите врз база на моделот – *свирење по слух* (од звук кон слика), каде изучувањето на музичките инструменти и композиции се одвивале по

пат на асоцијација врз звукот од претходните или поискусните генерации на изведувачи. Во оваа глава, исто така, е опишан и објаснет *индивидуалниот пристап* на традиционалниот изведувач кој и понатаму продолжува да биде основа при изучувањето на народниот инструменти и музичката изведба (солистичка или оркестарска).

Четвртата глава од СКРИПТАТА е наменета за *оркестарската поставеност на народните инструменти во партитура*. Тука, авторот ја нагласува неопходната музичка писменост на изведувачите, односно, студентите, како неопходен фактор за нивно понатамошно развивање, мелографирање, анализирање, разработување, надградување и негување. Сето тоа авторот го има изложено преку примери.

Во петтата глава е сместен практичниот дел од наставата по оркестар на народни инструменти и во неа се употребени мелографирани и оркестрирани традиционални инструментални мелодии за народните инструменти *гајда*, *кавал* и *тамбура*, вклучувајќи го тука и *тапанот*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот кој е анализиран и елабориран во „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“ во целост ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Оркестар на народни инструменти 1. Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на СКРИПТА поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите по народни инструменти од Факултетот за музичка уметност кои го слушаат предметот Оркестар на народни инструменти. Авторот успеал да ја презентира материјата што е предмет на изучување на предметот Оркестар на народни инструменти 1 и затоа сметаме дека оваа **„СКРИПТА ПО ОРКЕСТАР НА НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“** ги исполнува сите стандарди предвидени во програмата за студентите од трета година кои се на Катедрата за народни инструменти при Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија и го слушаат предметот Оркестар на народни инструменти 1.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**
**Доц. Сашо Поповски, доцент, с.р.**